РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
Бр.04-4212/1
16.04.2015 год.
Скопје

Врз основа на член 49 став 1 и член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Сл.весник на РМ"бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11), член 50 став 2 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола (Службен весник на Р.М. бр. 90/09 и 188/13), министерот за финансии го донесе следното

# РЕШЕНИЕ
## за назначување на лице задолжено да известува за неправилности

1. Државниот службеник Верица Стоилова, вработена во Министерството за финансии, распоредена на работно место Советник за нормативно-правни работи, Одделение за нормативно правни и административни работи, Сектор за правни работи, се назначува за лице задолжено да известува за неправилности и сомнежи за измами или корупција.
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

## Образложение

Државниот службеник Верица Стоилова, вработена во Министерството за финансии, распоредена на работно место Советник за нормативно-правни работи, Одделение за нормативно правни и административни работи, Сектор за правни работи, се назначува за лице задолжено да известува за неправилности и сомнежи за измами или корупција, а согласно со член 50 став 2 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола,

Именуваната од точка 1 на ова решение по добиеното известување за постоење на неправилности или сомнеж за измами или корупција, самостојно ги презема потребните мерки и за тоа ги известува Јавното обвинителство на Република Македонија, Министерството за финансии – Управата за финансиска полиција и финансиската инспекција на јавниот сектор, а во рок од 15 дена за преземените мерки во писмена форма го известува лицето кое укажало на неправилности или измами, освен во случај на анонимна пријава, а согласно со член 50 став 5 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола.

Имајќи го во вид наведеното се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Зоран Ставрески
Заменик Претседател на Влада и
Министер за финансии

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ СКОПЈЕ II

ДОСТАВЕНО ДО:
- државниот службеник;
- персоналното досие;
- архивата на Министерството.

Изработил: Верица Стоилова
Проверил: Михајло Михајловски
Одобрил: Гордана Сусулеска Итиќ
Согласен: Игор Димитров